Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 13.09.2019

На 11.09.2019 полициски службеници на СВР Скопје – Единица за недозволена трговија, го привеле А.Г.(38) од с.Волково, скопско, затоа што при претрес во неговиот дом во с.Волково, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. А.Г. бил приведен во Полициската станица Ѓорче Петров и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.09.2019 СВР Скопје – Единица за недозволена трговија, врз основа на судска наредба, изврши претрес во домот на Ѓ.А.(43) во с.Ржаничино, скопско. При претресот биле пронајдени 70 куршуми, шест ловни патрони, еден пиштол, една рамка со два куршуми и една дигитална вага со остатоци од непозната материја, кои биле привремено одземени. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 12.09.2019 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека 46 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 16 возачи од кои: двајца возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, 13 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и еден возач - почетник кој не ги почитувал сообраќајните прописи согласно ЗБСП. Исто така, исклучени од сообраќај се и девет возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкциониран е еден возач поради поминување на крстосница на црвено светло, двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, четири возачи поради неправилно престројување и седум возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците, санкционирани се пет пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатиот ден издадени се 85 мандатни платни налози, а 57 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 12.09.2019 во 10.45 часот на крстосница од улиците „Партизанска" и „Ванчо Китанов" во Штип, патничко возило „фолксваген голф" со штипски регистарски ознаки, управувано од Е.П.(19) од с.Таринци, општина Карбинци, удрило во пешакот М.М.(59) од Штип. М.М. се здобила со тешки телесни повреди и била пренесена во Клиничката болница Штип. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Штип.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против М.А.(20) од с.Падалиште поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено прозводство и пуштање на промет на наркотични дроги, психотропни суптанци и прекурсори". На ул. „Браќа Ѓиноски" во Гостивар полициски службеници извршиле преглед на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 12.09.2019 во 19.40 часот на автопатот Скопје-Тетово, кај с.Добарце, патничко возило „БМВ", управувано од А.М.(42) од Скопје, излетало од патот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот и бил пренесен во Клиничкиот центар Тетово. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Тетово.

На 12.09.2019 во 14.30 часот во Полициската станица Центар, В.С.(43) од Скопје пријавил дека на кеј „Димитар Влахов“ бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

Полициски службеници од СВР Битола на 12.09.2019 извршиле контрола за брзина, управување на возило без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство на минување. Притоа, констатирано е дека пет возачи управувале возило без возачка дозвола, три возила биле нерегистрирани, брзината ја надминале 30 возачи, на мобилен телефон разговарале четворица возачи, додека двајца не користеле сигурносен појас.

На 12.09.2019 во 18.50 часот на ул.„Московска“ во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „пежо 206“ со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Б.(49) од Скопје и мотоцикл „сузуки“ со скопски регистарски ознаки, управуван од П.С.(46) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот и бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза“. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 12.09.2019 во 21.00 часот во Полициската станица Гази Баба, М.П.(66) од Скопје пријавила дека на ул.„Јани Лукровски“ била касната од куче скитник во пределот на десната нога.

На 13.09.2019 во 01.45 часот полициски службеници од СВР Скопје, во близина на Градскиот стадион, го привеле Ф.П.(20) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.09.2019 во 12.30 часот полициски службеници од СВР Скопје, на ул. „Вергино“ ги лишиле од слобода С.Ш.(26) и Д.М.(31), двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.09.2019 во 17.50 часот полициски службеници од СВР Скопје, на Рекреативниот центар Езеро Треска го привеле С.Г.(43) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.09.2019 СВР Тетово спроведе акциска контрола на брзината на движење на моторните возила и непрописното паркирање. Притоа, во Тетово откриени се вкупно 107 прекршоци, од кои 70 пречекорувања на дозволената брзина. Во Гостивар бројот на возила кои пречекориле брзина изнесувал 24. Покрај ова, откриени се и седум лица (ТЕ-4 и ГВ-3), кои ги управувале возилата без положен возачки испит, па веднаш се исклучени од сообраќај и санкционирани со законски предвидените поднесоци. Во Тетово, вчера биле санкционирани и 16 возачи за погрешно паркирање на возилата.

На 12.09.2019 во 23.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплекс клиники „,Мајка Тереза′′ со повреди бил донесен Б.Б.(29) од Скопје, вработен на Меѓународен аеродром Скопје. По преземенимерки било утврдено дека околу 23.00 часот, додека извршувал работни задачи, се здобил со тешки телесни повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.09.2019 во 13.50 часот било пријавено дека на патниот правец Берово - Беровско Езеро, на местото викано ,,Епрев дол‟, Л.А.(64) од Берово, управувајќи патничко возило „БМВ‟ со беровски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од патот. Во незгодата Л.А. се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Медицинскиот центар Штип. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Берово.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Ч.А.(25) од с.Мислешево, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори‟. На 12.04.2019 пред хотел во с.Калишта, струшко, полициски службеници извршиле преглед на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 12.09.2019 во 11.30 часот на регионалниот пат Струга - Дебар, кај с.Велешта, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „сеат‟ со струшки регистарски ознаки, управувано од А.В.(30) од Струга и патничко возило „форд‟ со вевчански регистарски ознаки, управувано од М.Д.(24) од с.Вевчани. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила М.Д. и била пренесена во болницата „Св. Еразмо‟ во Охрид. Со телесни повреди се здобиле сопатниците во возилото „форд‟, А.Д.(60) од с.Вевчани и А.В., по што биле пренесени во Медицинскиот центар Струга. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Струга.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.Т.(22) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурори‟. На 04.02.2017 во дискотека во Штип, полициски службеници извршиле преглед на Д.Б., при што пронашле и одзеле марихуана, која претходно ја набавил од пријавениот.

На 12.09.2019 во 17.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг пред угостителски објект на бул „Јане Сандански′′ бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.С.(35) од Скопје и Ј.С.(37) од с.Петровец, скопско. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.Л.(39) од Гостивар и ДПТУ „Лирим Компанија-Зулбеар‟ ДОО Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „узурпација на недвижности‟ и „бесправно градење‟. Во Гостивар, во населба „Питарница 1‟, на парцела во сопственост на Р.С.Македонија, првопријавениот, како сопственик на втoропријавеното правно лице, изградил објект без одобрение за градба.

На 12.09.2019 околу 12.30 часот во Полициската станица Чаир, С.С.(39) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечила неговата 17-годишна ќерка. Според пријавеното, таа и претходно во повеќе наврати го напуштала домот. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Т.Н.(69) од с.Преглово, ресенско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори‟. На 29.05.2017 во Казнено поправен дом – Штип, вработени извршиле претрес на пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин и марихуана.

На 12.09.2019 околу 19.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека едно лице со закана одзело пари во маркет на ул.„Костурски херои‟. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.И.(38) од с.Теново, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". На 14.06.2019 на бензинска пумпа во с.Лешок, тетовско, пријавениот, при вербална расправија со Б.Б., се заканувал со пиштол.

СВР Штип поднесе кривична пријава против ДПТУ „Булмак 2016" ДООЕЛ Пробиштип и А.В.(38) од с.Турско Рудари, пробиштипско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешки дела против општата сигурност" и против Д.Д.(41) и А.Л.(40), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата". На 23.08.2017 во Пробиштип, во рудникот „Злетово", сопственост на првопријавеното правно лице, се откочила шинска натоварна машина, при што му нанела тешки телесни повреди на вработениот С.Д. При контрола било утврдено дека во текот на јуни 2017 првопријавеното правно лице и второпријавениот, како раководител на машинско одржување, при ставањето во употреба на наведената машина, не постапиле согласно прописите од Правилникот за користење на рударско - техничка опрема. Исто така, трето и четвртопријавениот, како државни инспектори за геолошки и рударски надзор, во врска со наведениот настан не изготвиле решение за забрана за изведување на работни активности со наведената машина и не презеле соодветни дејствија за санкција на првопријавеното правно лице.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Б.А.(61) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама". На 27.07.2019 во атар на с.Липково, кај брана „Глажна", полициски службеници при преглед на товарно возило, управувано од пријавениот, пронашле и одзеле велосипеди и резервни делови за нив, кои биле внесени во Р.С.Македонија од Р.Косово, без да бидат платени царинските давачки за нив.

(/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe
tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)